# ИНДЕКС НА РАЦИОНАЛНОСТ

ИНДЕКС НА РАЦИОНАЛНОСТ




USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

20 ГОДИНИ
FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# 15

# ИНДЕКС на РАЦИОНАЛНОСТ

Скопје, декември 2016 година

**ИНДЕКС НА РАЦИОНАЛНОСТ 15**

Издавач:
Центар за граѓански комуникации

Лектура:
Татјана Б. Ефтимоска

Ликовно-графичко обликување:
Бригада дизајн

Печат:
Пропоинт

Тираж:
300 примероци

Бесплатен/некомерцијален тираж

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

**35.073.53:005.584.1(497.7)"2016"**

ИНДЕКС на рационалност 15. - Скопје : Центар за граѓански
комуникации, 2017. - 34, 34 стр. : табели ; 20x20 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Index of rationality 15. - Обата
текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и
англ. јазик. - Фусноти кон текстот

**ISBN 978-608-4709-44-2**

а) Јавни набавки - Рационално трошење - Мониторинг - Македонија -2016
COBISS.MK-ID 102473738

Овој извештај е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско општество. Содржината на публикацијата е одговорност на Фондацијата Отворено општество – Македонија и на Центарот за граѓански комуникации и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# 15

ИНДЕКС на
**РАЦИОНАЛНОСТ**

# Содржина


1. ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА ..... 7

2. ИНДЕКС НА РАЦИОНАЛНОСТ ..... 9

2.1. Индекс на рационалност за индустриска сол ..... 10
    2.1.1. Индекс на рационалност за индустриска сол во рефус ..... 10
    2.1.2. Индекс на рационалност за индустриска сол пакувана во вреќи ..... 12
2.2. Индекс на рационалност за клима-уреди ..... 13
2.3. Индекс на рационалност за хартија за печатење и фотокопирање ..... 16
2.4. Индекс на рационалност за масло за горење – екстра лесно ЕЛ 1 ..... 19
2.5. Индекс на рационалност за РТГ-филмови за рендген-снимки ..... 23

3. ГЕНЕРАЛЕН ЗАКЛУЧОК ..... 29

# 1 Цели и методологија

Центарот за граѓански комуникации од Скопје е единствената невладина организација во Република Македонија која спроведува директен и сеопфатен мониторинг на јавните набавки во земјата. Во обид да даде дополнителен придонес кон унапредување на состојбите во оваа сфера, Центарот започна со изработка на т.н. индекс на рационалност во трошење на јавните пари. Целта е да се воведе нов инструмент преку којшто ќе се мери ефикасноста во трошењето на јавните пари, ќе се откриваат слабите точки во системот и, во крајна линија, ќе се влијае врз институциите да бидат порационални во трошењето на буџетите, кои се полнат со пари од граѓаните.

Индексот на рационалност се изработува преку споредба на цените по коишто различните институции купуваат исти производи, услуги или работи. Фактот што индексот опфаќа ист вид производ, услуга или работа дава можност, освен споредба на цените, да се претстави и различниот однос на државните институции при спроведувањето исти видови јавни набавки.

Индексот е замислен како показател за државните институции што треба да им послужи како основа за подобрување на рационалноста при јавните набавки, односно при трошењето на јавните пари. Со оглед на тоа што просечните цени во индексот претставуваат просек од цените што ги постигнале самите институции и не значи дека тие се реален или пазарен одраз на вредноста, целта на државните институции треба да биде, секогаш кога можат, да се стремат кон постигнување на најниските цени и подомаќински да ги трошат јавните пари, бидејќи за истите набавки други институции постигнале поповолни цени на пазарот.

Разликите во цените по кои институциите плаќаат за исти видови производи и услуги упатуваат на потребата од подетални истражувања на пазарот пред објавување на тендерите и усогласување на пристапот на договорните органи кон набавка на исти видови производи.

Во примерокот за изработка на индексот се вклучени сите договорни органи од национално и од локално ниво, што значи од министерства и општини, преку јавни претпријатија и агенции, до училишта и градинки.

Во изработката на индексот на рационалност се користат примарни и секундарни извори на податоци.

Прибирањето на податоците од примарни извори се спроведува преку:

→ присуство при отворања на понудите што економските оператори ги доставиле за одредени постапки за јавни набавки, за добивање податоци за понудените цени и

→ директни контакти со договорните органи за добивање податоци кои понуди се избрани како најповолни.

Преку овие активности се доаѓа изворно до податоците за цените по кои се купуваат одредени производи, услуги или се изведуваат одредени работи.

Секундарни извори на информации се:

→ Електронскиот систем за јавни набавки и

→ Барањата за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Значајно е да се напомне дека во индексот на рационалност ќе се објавуваат имињата на договорните органи, но не и имињата на фирмите со кои се склучени договорите (иако се располага и со овие податоци), бидејќи одговорноста за рационално трошење на јавните пари им припаѓа, пред сè, на договорните органи.

Од Индексот на рационалност бр.1 до Индексот на рационалност бр.11, разликите во цените на одделните институции се пресметуваа во однос на просечната цена. Почнувајќи од Индексот на рационалност бр.12, разликите се изразуваат како процент на отстапување од просечно постигната цена. Оценето е дека на овој начин појасно и попрецизно се отсликуваат разликите во цените за оние производи и услуги за коишто се изработува индексот.

# 2 Индекс на рационалност

Петнаесеттиот индекс на рационалност е изработен за следниве пет видови производи и услуги:

- индустриска сол (рефус и пакувана во вреќи),
- клима-уреди,
- хартија за печатење и фотокопирање,
- масло за горење - екстра лесно ЕЛ 1 и
- РТГ - филмови за рендген-снимки.

Во изработката на индексот на рационалност за овие производи и услуги беа вклучени институции на национално и на локално ниво што имале ваков видна набавки во 2015 и во 2016 година.

Во изработката на индексот на рационалност беа вклучени 95 институции коишто за набавките на овие стоки и услуги спровеле 101 тендер.

# 2.1 Индекс на рационалност за индустриска сол

Овој индекс е изработен за набавка на индустриска сол за одржување (посипување) улици во зимски услови. Изработени се два индекса, едниот за набавка на сол во рефусна состојба *и* вториот за набавка на сол пакувана во вреќи од 20 до *30 килограми. Оваа поделба се наметна од* големите разлики во цените што беа воочени за овие два начина на доставување на набавената сол (рефус и во вреќи). Ова, секако, е различно од состојбата констатирана во текот на 2011 и на *2012 година*, кога индексите на рационалност за индустриска сол не укажуваа на значајни разлики во цените во зависност од тоа дали солта е рефус или е пакувана во вреќи. Инаку, станува збор за индустриска сол што се користи за зимско одржување на улици и патишта и во согласност со анализираните технички спецификации, солта е речиси со стандардизирани карактеристики: дозволена влажност на солта од 2,5% до 3%, минимална чистота на солта *NaCl 96%, големина на зрна*та од 0,1 мм до 5 мм итн. Во изработката на индексот се вклучени јавни претпријатија и општини коишто спровеле тендер за набавка на индустриска сол во периодот ноември-декември *2015* година, односно за зимската сезона 2015/2016 година. Станува збор за *10* општини и јавни претпријатија. Индексите на рационалност за набавка на сол укажуваат на разлики во цените што се исклучително големи. Притоа, големи разлики во цените се јавуваат и според начинот на испораката, односно дали е солта рефус или пакувана во вреќи. Произлегува дека просечната цена за солта пакувана во вреќи е двојно повисока од солта што е купувана во рефус, *што е сосема различно од состојбата во 2011 и 2012 година*, кога немаше значајни разлики меѓу цените на солта во рефус и во вреќи.
Детален приказ на сите индекси на рационалност што се изработени досега е достапен на интернет страницата *opendata.mk.*

## 2.1.1. Индекс на рационалност за индустриска сол (рефус)

*Соодносот на најниската и највисоката цена во набавката на индустриска сол во рефус изнесува 1:1,57, што значи дека највисоката цена, што ја плаќа Јавното претпријатие Македонија пат – Скопје, е за 57% повисока од цената што за истиот производ ја плаќа Општина Сопиште. Притоа, токму Македонија пат, којашто ја плаќа највисоката цена за солта, ги купила и најголемите количини, и тоа дури 7.000 тони, што е неколкукратно повеќе од другите институции коишто купувале од 54 до 200 тони. Големите разлики не можат да бидат економски оправдани дури и ако се има предвид дека за ЈП Македонија пат солта требало да биде испорачана до 30 пунктови на шесте подружници на јавното претпријатие, со оглед на тоа што транспортните трошоци не можеле толку да ја подигнат цената. Разликите во цените не можат да се објаснат ниту со применетите постапки за јавна набавка бидејќи сите примениле транспарентна постапка (отворена постапка или барање за прибирање понуди), со критериум за избор на најповолна понуда 'најниска цена'. Големите разлики во цените дополнително губат каква било економска логика ако се има предвид дека како добавувач на солта во сите општини и јавни претпријатија вклучени во овој индекс се јавува една иста фирма.*

| Договорен орган | Цена со ДДВ | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| Општина Сопиште | 4.720 | -27,35% |
| ЈП Стипион 2011 Штип | 5.664 | -6,13% |
| ЈП Охридски Комуналец – Охрид | 5.782 | -3,96% |
| Просек* | 6.011 | 0,00% |
| ЈП Комуналец – Крива Паланка | 6.490 | +7,38% |
| ЈП Македонија пат – Скопје | 7.399 | +18,76% |

*Просек од цените што ги плаќаат институциите вклучени во индексот за оваа набавка

## Индекс на рационалност за индустриска сол (цена за 1 тон сол рефус)

Во изработката на овој индекс на рационалност се вклучени 5 договорни органи коишто спровеле тендер за набавка на индустриска сол во периодот ноември-декември 2015 година, односно за зимската сезона 2015/2016 година.
Како што може да се види од индексот на рационалност, просечно постигнатата цена за набавка на 1 тон индустриска сол рефус изнесува 6.011 денари. Три договорни органи ја купувале солта по пониска цена од просечно постигнатата, и тоа од 3,96% до 27,35%, додека, пак, два договорни органи ја купиле солта по повисока цена, и тоа од 7,38% до 18,76%. Разликите во цените не можат да се објаснат со применетите постапки за јавни набавки. Сите примениле постапки во согласност со Законот за јавни набавки, па така ЈП Македонија пат, со оглед на повисоката проценета вредност на набавката, спровела отворена постапка, а сите останати – барање за прибирање на понуди. Во сите тендери, без исклучок, не е спроведена електронска аукција за намалување на цените, што значи дека е добиена по само една понуда. Оттука, договорите за јавната набавка се склучувани со единствениот понудувач. Притоа, една иста фирма се јавува како единствен понудувач на тендерите за набавка на индустриска сол на сите пет општини и јавни претпријатија вклучени во овој индекс. Цените по коишто се купува индустриската сол апсолутно не ја потврдуваат економската логика дека повисоките количини требало да доведат до пониска цена.

| Договорен орган | Тони | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| Општина Сопиште | 100 | -27,35% |
| ЈП Стипион 2011 Штип | 70 | -6,13% |
| ЈП Охридски Комуналец – Охрид | 200 | -3,96% |
| ЈП Комуналец - Крива Паланка | 54 | +7,38% |
| ЈП Македонија пат – Скопје | 7.000 | +18,76% |

## Предвидени количини на набавка на индустриска сол според тендерските документации

Како што може да се види од табеларниот приказ, токму набавувачот на најголемите количини ја платил највисоката цена. Македонија пат купува 70 пати поголеми количини, а плаќа 57% повисока цената од онаа што за истиот производ ја плаќа Општина Сопиште. Цената за набавка на индустриската сол на Македонија пат е повисока дури и од цената на ЈП Комуналец од Крива Паланка, кое купило само 54 тони, односно речиси 130 пати помалку од државното јавно претпријатие.

## 2.1.2. Индекс на рационалност за индустриска сол (пакувана во вреќи)

*Соодносот на најниската и највисоката цена во набавката на индустриска сол пакувана во вреќи од 20 до 30 килограми изнесува 1:1,70 што значи дека највисоката цена, што ја плаќа ЈКП Комуналец – Прилеп, е за 70% повисока од цената што за истиот производ ја плаќа ЈКП Водовод Кочани. Сите набавки на солта биле спроведени преку барања за прибирање понуди и за нив бил објавен оглас на Електронскиот систем за јавни набавки. Но, транспарентноста на процесот не довела до конкуренција. Само по еден понудувач се јавил во четири од петте постапки, односно само на тендерот на Општина Велес се доставени 2 понуди. Оттука, во постапките со единствен понудувач не постоеле услови за спроведување на планираните електронски аукции за намалување на цените. Оттука, може да се оцени дека разликите во цените се последица на отсуството на конкуренција.*

| Договорен орган | Цена со ДДВ | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| КЈП Водовод Кочани | 8.998 | -32,94% |
| ЈКП Илинден н.Илинден | 9.381 | -27,51% |
| Општина Велес | 11.942 | -0,17% |
| Просек* | 11.962 | 0,00% |
| АД Електрани на Македонија – Скопје | 14.148 | +15,45% |
| ЈКП Комуналец – Прилеп | 15.340 | +22,02% |

**Индекс на рационалност за индустриска сол**
(цена за 1 тон сол пакувана во вреќи)

*Просек од цените што ги плаќаат институциите вклучени во индексот за оваа набавка

Во изработката на овој индекс на рационалност, којшто се однесува на индустриска сол пакувана во вреќи од 20 до 30 килограми, се вклучени 5 договорни органи коишто спровеле тендер за набавка на индустриска сол во периодот ноември-декември 2015 година, односно за зимската сезона 2015/2016 година.

Како што може да се види од табеларниот приказ, просечно постигната цена за набавка на 1 тон индустриска сол пакувана во вреќи изнесува 11.962 денари. Три договорни органи ја купувале солта по пониска цена од просечно постигнатата, и тоа од 0,17% до32,94%, додека, пак, два договорни органи ја купиле солта по повисока цена, и тоа од 15,45% до 22,02%. Разликата во цените не може да се објасни со применетите постапки, бидејќи во согласност со законот, сите примениле постапка со барање за прибирање понуди за коишто објавиле огласи за јавна набавка. Во сите постапки, во согласност со Законот за јавни набавки, бил користен критериум за избор на најповолна понуда 'најниска цена'. Во ниту еден од тендерите не биле поставени посебни критериуми за утврдување на способноста на понудувачите, што значи дека не постоеле ограничувачки фактори што би ја дестимулирале конкуренцијата. Но, и покрај ова, на четири од петте тендери, понуди доставил само еден понудувач. Сепак, во тендерот во којшто имало двајца понудувачи и имало услови за спроведување на планираната електронска аукција, негативното намалување на

цените не довело до значајно намалување. Оваа состојба, надополнета со отсуството на конкуренцијата на другите четири тендери, секако говори за дисторзии на пазарот на јавни набавки во однос на индустриската сол.

Оваа констатација се потврдува и низ следниот табеларен приказ, од којшто станува јасно дека институциите вклучени во овој индекс, иако имаат големи разлики во цените, не се разликуваат многу во однос на набавените количини.

| Договорен орган | Тони | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| ЈКП Водовод Кочани | 20 | -32,94% |
| ЈКП Илинден н.Илинден | 25 | -27,51% |
| Општина Велес | 25 | -0,17% |
| АД Електрани на Македонија – Скопје | 25 | +15,45% |
| ЈКП Комуналец – Прилеп | 10 | +22,02% |

**Количини на купена индустриска сол пакувана во вреќи**

Отсуството на влијание на количините врз цената најдобро се отсликува во набавките на ЈКП Илинден н.Илинден, на Општина Велес и на АД Електрани на Македонија – Скопје, кои купиле идентични количини, а солта ја купувале по цени од 9.381 до 14.148 денари.

## 2.2 Индекс на рационалност за клима-уреди

*Индексот на рационалност е изработен за клима-уреди со сплит систем со капацитет за ладење/греење од 3,5-3,6 KW, работна температура од -7 до 43 степени, еколошки фреон R410, ЛЕД дисплеј и гарантен рок од 2 години. Во цената на клима-уредите се вклучени и трошоците за монтажа.*

*Соодносот на најниската и највисоката цена во набавката на овој тип на клима-уреди е 1:1,68 што значи дека највисоката цена, што ја плаќа Министерство за економија, е за 68% повисока од цената што за истиот производ ја плаќа локалното јавно претпријатие Чистота и зеленило од Куманово.*

*Доколку наодите од овој индекс се споредат со наодите од индексот изработен за клима-уредите од 3,5 KW во 2011 и 2012 година, произлегува дека дошло до зголемување на просечната цена по којашто е купуван овој производ од државните институции, како и на разликите во цените во однос на 2012 година.*

*Имено, во 2011 година просечно постигнатата цена по којашто се купувани овој вид на клима-уреди изнесувала 16.636 денари, а во 2012 година 19.739 денари. Оттука произлегува дека просечната цена по којашто се купувани клима-уредите од страна на државните институции во 2015/2016 година е повисока за 27,14% од онаа во 2011 година и за 7,15% од цената во 2012 година.*

*Кога станува збор за разликите меѓу најниската и највисоката цена, соодносот во новиот индекс од 1:1,68, е поголем од оној во 2012 година, кога изнесуваше 1:1,55, но помал од соодносот 1:1,90 во 2011 година.*

| Договорен орган | Цена со ДДВ | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| ЈП Чистота и зеленило Куманово | 16.296 | -29,79% |
| Универзитет „Св.Кирил и Методиј" – Скопје Ректорат | 17.380 | -21,70% |
| Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен | 18.696 | -13,13% |
| Детска градинка „Ѕвездички" Чешиново | 21.043 | -0,51% |
| ЈП Македонска радиодифузија | 21.120 | -0,15% |
| Просек* | 21.151 | 0,00% |
| Средно училиште „Коле Неделковски" – Велес | 21.240 | +0,42% |
| Агенција за администрација | 23.576 | +10,29% |
| Универзитет „Св.Кирил и Методиј" Економски факултет Скопје | 23.600 | +10,38% |
| Министерство за економија | 27.404 | +22,82% |

*Просек од цените што ги плаќаат институциите вклучени во индексот за оваа набавка

**Индекс на рационалност за клима-уреди** (цена за 1 клима-уред со јачина 3,5 KW со вклучени трошоци за монтажа)

Во изработка на индексот на рационалност за клима-уреди беа вклучени сите договорни органи чијашто набавка на оваа услуга е евидентирана преку објавените огласи на ЕСЈН во текот на периодот август 2015 година – март 2016 година. Евидентирани се 15 договорни органи на коишто им се доставени барања да ги достават поединечните цени по коишто ќе ги купуваат клима-уредите во согласност со спроведените тендери. По обработката на добиената документација заради обезбедување на споредливост на податоците, во индексот на рационалност за клима-уреди се вклучени 9 институции, бидејќи 5 договорни органи купиле клима-уреди што според јачината или други параметри од техничките спецификации, не спаѓаат во групата на клима-уред сплит систем со капацитет за ладење/греење од 3,5-3,6 KW, работна температура од -7 до 43 степени, еколошки фреон R410 и ЛЕД дисплеј. Градот Скопје не ја достави побараната информација со образложение дека во периодот на добивање на барањето за пристап до информации од јавен карактер не била донесена одлуката за избор на најповолна понуда.

Како што може да се види од табеларниот приказ на индексот на рационалност за клима-уреди, пет договорни органи плаќале цена што е пониска од просечно постигната од 0,15% до 29,79%, додека, пак, четири договорни органи климите ги купиле по цени што се повисоки од просечно постигнатата од 0,42% до 22,82%.

Вака големите разлики во цените не можат да се објаснат со начинот на којшто се спроведени постапките за јавни набавки. Имено, сите договорни органи спровеле законски предвидени постапки во зависност од вредноста на набавката и за нив објавиле огласи на Електронскиот систем за јавни набавки. Во сите овие тендери, во согласност со законот, како критериум за избор на најповолна понуда се користела 'најниска цена'. Притоа, во седум од деветте тендери се добиени повеќе понуди и е спроведена електронска аукција. Исклучок се само тендерите спроведени од Агенција за администрација и Економскиот факултет – Скопје при УКИМ, каде што имало единствен прифатлив понудувач и немало услови за спроведување на планираната аукција за намалување на првично понудените цени.

Разликите во цените при набавка на клима-уредите не можат да се објаснат ниту со купените количини.

**Количини на купени клими**

| Договорен орган | Количини | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| ЈП Чистота и зеленило Куманово | 4 | -29,79% |
| Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје Ректорат | 4 | -21,70% |
| Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен | 5 | -13,13% |
| Детска градинка „Ѕвездички“ Чешиново | 3 | -0,51% |
| ЈП Македонска радиодифузија | 13 | -0,15% |
| Средно училиште „Коле Неделковски“ – Велес | 2 | +0,42% |
| Агенција за администрација | 5 | +10,29% |
| Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Економски факултет Скопје | 5 | +10,38% |
| Министерство за економија | 4 | +22,82% |

Како што може да се види од претходниот табеларен приказ, институциите коишто ги имаат купено клима-уредите по цени што најмногу отстапуваат од просечно постигнатата цена, всушност, купиле речиси идентични количини, односно 4 или 5 клима-уреди.

# 2.3 Индекс на рационалност за хартија за печатење и фотокопирање

*Цените по коишто е купувана хартијата за печатење и фотокопирање (бела боја, А4 формат од 80 грама) се движат од 122 до 346 денари. Соодносот на најниската и највисоката цена е 1:2,84, што значи дека цената што ја платило ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес е за 184% повисока од онаа на ОУ Раде Кратовче од Кочани. Просечната цена по којашто е купувана хартијата изнесува 181 денар за еден топ хартија.*

*Со оглед на тоа што индексот на рационалност за хартија за печатење и фотокопирање беше изработуван и во 2011 и во 2012 година, произлегува дека во 2016 година институциите хартијата ја купуваат по пониска цена отколку пред 4, односно 5 години. Во 2011 година просечната цена за овој производ изнесувала 211 денари за топ хартија, додека, пак, во 2012 година 196 денари. Но, наспроти намалувањето на цената, сега е констатирана најголема разлика во цените за набавка на хартијата. Имено, во 2011 година, Индексот на рационалност покажа дека соодносот на најниската и највисоката цена изнесувал 1:1,97 додека, а пак во 2012 година, соодносот на најниската и највисоката цена за набавка на хартија за фотокопирање изнесува 1:1,88, што значи дека највисоката цена била повисока за 88% од најниската цена од 156 денари за 1 топ хартија.*

*Разликите во цените во индексот изработен врз основа на цените постигнати во постапки за јавни набавки спроведени во 2016 година се многу поголеми.*

*Сите институции ја набавувале хартијата во постапки што биле транспарентни и за коишто бил објавен оглас. Оттука, разликите во цените не можат да се објаснат со применетите постапки. Економска оправданост за разликите не може да се најде ниту во купените количини на хартија.*

| Договорен орган | Цена со ДДВ | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| ОУ „Раде Кратовче“ Кочани | 122 | -48,36% |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за ендрокринологија | 141 | -28,37% |
| ЈП Комуналец Кичево | 142 | -27,46% |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија | 143 | -26,57% |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија | 143 | -26,57% |
| НУ Македонски народен театар-Скопје | 147 | -23,13% |
| ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид | 149 | -21,48% |

**Индекс на рационалност за хартија за печатење и фотокопирање** (цена за 1 топ бела хартија за фотокопирање А4 од 80 грама)

| Договорен орган | Цена со ДДВ | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| ЈЗУ Геронтолошки завод 13 Ноември – Скопје | 153 | -18,30% |
| Здравствен дом – Пробиштип | 155 | -16,77% |
| Општина Македонски Брод | 156 | -16,03% |
| Факултет за биотехнички науки | 159 | -13,84% |
| ЈЗО Општа болница Велес | 165 | -9,70% |
| ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство „Мајка Тереза“ – Скопје | 166 | -9,04% |
| Просек* | 181 | 0,00% |
| ЈЗУ Здравствен дом Куманово | 182 | +0,55% |
| ЈЗУ Клиничка болница Тетово | 183 | +1,09% |
| АД Електрани на Македонија – Скопје (Подружница ХЕЦ Маврово) | 198 | +8,59% |
| Општина Чешиново-Облешево | 202 | +10,40% |
| СОУ Гимназија „Мирче Ацев“ – Прилеп | 223 | +18,83% |
| Ревизиско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош | 248 | +27,02% |
| Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Економски факултет Скопје | 272 | +33,46% |
| ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес | 346 | +47,69% |

*Просек од цените што ги плаќаат институциите вклучени во индексот за оваа набавка

Во изработката на индексот на рационалност за хартија се вклучени сите договорни органи коишто во првите два месеци од 2016 година објавиле оглас за овој вид набавка. Побараните податоци се добиени од сите институции. Како што може да се види од изработениот индекс на рационалност, просечно постигната цена за набавка на 1 топ хартија изнесува 181 денар. Притоа, 13 институции ја купувале хартијата по пониска цена од просечно постигнатата, и тоа од 9,04% до 48,36%, додека, пак, 8 институции плаќале натпросечно висока цена, и тоа од 0,55% до 47,69%.

Големите разлики во цените не можат да се толкуваат како последица на применетите постапки, со оглед на фактот што сите институции спровеле соодветни постапки во согласност со Законот за јавни набавки (барања за прибирање понуда или отворени постапки, во зависност од вредноста на тендерите) со критериум за избор на најповолна понуда 'најниска цена'.

Во однос на електронската аукција, анализата на податоците упатува на заклучокот дека таа не е спроведена само во постапката на ЈЗУ Клиничка болница Тетово, каде што имало само една прифатлива понуда, додека во сите останати тендери било спроведено електронско намалување на цената. Притоа, како што може да се види од табеларниот приказ, ЈЗУ Клиничка болница Тетово не ја купило хартијата по највисока цена.

Врз постигнатите цени не влијаеле ниту купените количини. Како што може да се види од следниот табеларен приказ, ОУ Раде Кратовче Кочани, кое хартијата ја купува по најниска цена, има купено едно од најмалите количини на хартија за печатење и фотокопирање, наспроти ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес, којшто има купено дури 1.700 топови хартија, односно 17 пати повеќе.

**Количини на купена хартија за печатење и фотокопирање**

| Договорен орган | Број на купени топови хартија | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| ОУ „Раде Кратовче“ Кочани | 100 | -48,36% |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за ендрокринологија | 700 | -28,37% |
| ЈП Комуналец Кичево | 300 | -27,46% |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија | 40 | -26,57% |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија | 1.200 | -26,57% |
| НУ Македонски народен театар-Скопје | 150 | -23,13% |
| ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид | 950 | -21,48% |
| ЈЗУ Геронтолошки завод 13 Ноември – Скопје | 700 | -18,30% |
| Здравствен дом – Пробиштип | 200 | -16,77% |
| Општина Македонски Брод | 200 | -16,03% |
| Факултет за биотехнички науки | 150 | -13,84% |
| ЈЗО Општа болница Велес | 1.862 | -9,70% |
| ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство „Мајка Тереза“ – Скопје | 500 | -9,04% |
| ЈЗУ Здравствен дом Куманово | 500 | +0,55% |
| ЈЗУ Клиничка болница Тетово | 2.600 | +1,09% |
| АД Електрани на Македонија – Скопје (Подружница ХЕЦ Маврово) | 300 | +8,59% |

| Договорен орган | Број на купени топови хартија | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| Општина Чешиново-Облешево | 150 | +10,40% |
| СОУ Гимназија „Мирче Ацев“ – Прилеп | / | +18,83% |
| Ревизисико тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош | 200 | +27,02% |
| Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Економски факултет Скопје | 500 | +33,46% |
| ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес | 1.700 | +47,69% |

Оваа состојба на отсуство на каква било економска оправданост за разликите во цените за набавка на хартија го отвораат сомнежот дека можеби некои други критериуми и влијанија одиграле улога, наспроти пазарните механизми.

## 2.4 Индекс на рационалност за масло за горење-екстра лесно ЕЛ-1

*Третина од институциите вклучени во овој индекс маслото за горење-екстра лесно ЕЛ-1 го плаќаат по највисоките малопродажни цени, утврдени од Регулаторната комисија за енергетика, без ниту еден денар попуст иако купувале големи количини, и тоа од 2.000 до 90.000 литри.*

*Според наодите од овој индекс, институциите добивале попуст од 0,05 денари до 2,30 денари за еден литар масло за горење екстра лесно. Просечниот попуст што го добиле институциите изнесува само 54 дени за еден литар. Олку малите попусти, како и целосното отсуство на намалување на цените кај значаен дел од тендерите се исклучително неповолни ако се има предвид дека институциите имале трошоци за спроведување на постапките за јавна набавка, и тоа трошоци за задолжително објавување на оглас на ЕСЈН, а во случај на поголемите набавки и во Службен весник, трошоци за плаќање на стручните лица за добивање согласност од Советот за јавни набавки и трошоци што произлегуваат од користењето на човечките и материјални ресурси за спроведување на тендерите.*

*Вака добиените сознанија покажуваат влошување на состојбите ако се направи споредба со наодите од индексите за рационалност изработени за истиот производ во 2011 и 2012 година. Имено, Индексот на рационалност за масло за горење-екстра лесно ЕЛ-1во 2012 година покажува дека просечниот попуст што го добиле институциите изнесувал 3,16 денари, што е значително над сегашниот попуст од само 0,54 денари. Во 2011 година индексот е изработен врз основа на процентот на добиените попусти на највисоките малопродажни цени утврдени од Регулаторната комисија за енергетика. За да се обезбеди споредливост, ако износот на попустите се пресмета како процент од највисоката малопродажна цена, тогаш произлегува дека попустите значително се намалиле, и тоа од 11% од највисоките малопродажни цени во 2011 година, преку 5% во 2012 година, на само 2,8% сега во 2016 година.*

**Индекс на рационалност за масло за горење-екстра лесно ЕЛ-1** (добиен попуст-рабат)

| Договорен орган | Добиен попуст во денари со ДДВ | Отстапување од просечниот попуст во денар |
|---|---|---|
| Управа за хидрометеоролошки работи | 2,30 | +1,76 |
| Основно училиште „Рајко Жинзифов“ - Скопје | 2,27 | +1,73 |
| Детска градинка „Брешиа“ – Дебар | 2,25 | +1,71 |
| Детска градинка „Планински цвет“ Вевчани | 1,74 | +1,20 |
| Основно училиште „Страшо Пинџур“ Вевчани | 0,63 | +0,09 |
| Детска градинка „Фемо Кулаков“ Неготино | 0,60 | +0,06 |
| Просек* | 0,54 | 0,00% |
| ДСУ „Митко Пенџуклиски“ – Кратово | 0,37 | -0,17 |
| ОУ „Кочо Рацин“ Кратово | 0,28 | -0,26 |
| АД Македонска пошта | 0,28 | -0,26 |
| Општина Росоман | 0,28 | -0,26 |
| ЈЗУ Здравствен дом Кавадарци | 0,22 | -0,32 |
| Природно-математички факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј | 0,06 | -0,48 |
| Општина Боговиње | 0,05 | -0,49 |
| Основно училиште „Јонче Смугрески“ – Кривогаштани | 0 | -0,54 |
| Средно училиште „Шаип Јусуф“ Скопје | 0 | -0,54 |
| ЈП Билјанини извори-Охрид | 0 | -0,54 |
| Општина Студеничани | 0 | -0,54 |
| ЈП ХС Злетовица Пробиштип | 0 | -0,54 |
| Средно училиште „Гостивар“-Гостивар | 0 | -0,54 |
| Средно училиште „Неготино“-Неготино | 0 | -0,54 |
| Основно училиште „Гоце Делчев“-Илинден | 0 | -0,54 |

*Просек од цените што ги плаќаат институциите вклучени во индексот за оваа набавка

Во изработката на овој индекс беа вклучени сите договорни органи коишто објавиле оглас за јавна набавка на масло за горење-екстра лесно ЕЛ-1 во јануари 2016 година. Во изработката на индексот беа вклучени 24 договорни органи, но по обработката на добиената документација, сепак индексот е изработен за 21 институција, бидејќи тендерот за набавка на овој производ спроведен од Казнено-поправниот дом Штип беше поништен, додека, пак, Државниот архив на РМ и Спортски центар „Борис Трајковски“-Скопје беа исклучени поради несовпаѓање на податоците што беа доставени од овие институции по барањата за пристап до информации од јавен карактер и податоците што ги имаа доставено до Електронскиот систем за јавни набавки.

Како што може да се види од табеларниот приказ на индексот, само 6 договорни органи добиле попуст во однос на највисоките малопродажни цени, којшто е поголем од просекот постигнат од сите институции (54 дени), додека, пак, 7 договорни органи добиле попуст понизок од просечниот, а 8 договорни органи воопшто не добиле попуст.

Анализата на документацијата за спроведените тендери покажува дека сите институции спровеле постапка за јавна набавка со објавување оглас со постапки пропишани со Законот за јавни набавки (барање за прибирање понуди, ако вредноста на набавката е до 20.000 евра, и отворена постапка, ако е вредноста на набавката над тој праг). Во сите постапки критериум за избор е ’најниска цена‘ и во сите била планирана електронска аукција. Сепак, со оглед на отсуството на конкуренција, е-аукција била спроведена во 13 постапки, а во 8, каде што била добиена по само една понуда, немало услови за електронско намалување на цените. Притоа, она што е апсурдно е дека е-аукции, односно можност за намалување на првично дадените цени имало дури и во оние тендери каде што не е добиен никаков попуст во однос на максималните малопродажни цени определени од Регулаторната комисија за енергетика, а тоа се Општина Студеничани и Средно училиште „Неготино“-Неготино. Но, кај сите други тендери во кои не е добиен попуст всушност и немало конкуренција, а тоа се тендерите на Основно училиште „Јонче Смугрески“ – Кривогаштани, Средно училиште „Шаип Јусуф“ Скопје, ЈП Билјанини извори – Охрид, ЈП ХС Злетовица Пробиштип, Средно училиште „Гостивар“ – Гостивар и Основно училиште „Гоце Делчев“ – Илинден.

**Количини на купено масло за горење екстра-лесно ЕЛ-1**

| Договорен орган | Количини во литри | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| Управа за хидрометеоролошки работи | 35.000 | +1.76 |
| Основно училиште „Рајко Жинзифов“ – Скопје | 66.000 | +1.73 |
| Детска градинка „Брешиа“ – Дебар | 25.000 | +1.71 |
| Детска градинка „Планински цвет“ – Вевчани | 6.000 | +1.20 |
| ОУ„Страшо Пинџур“ Вевчани | 12.000 | +0.09 |
| Детска градинка „Фемо Кулаков“ – Неготино | 48.000 | +0.06 |
| ДСУ „Митко Пенџуклиски“ – Кратово | 35.000 | -0.17 |
| ОУ „Кочо Рацин“ Кратово | 52.000 | -0.26 |
| АД Македонска пошта | 75.000 | -0.26 |
| Општина Росоман | 20.000 | -0.26 |
| ЈЗУ Здравствен дом Кавадарци | 11.000 | -0.32 |
| Природно-математички факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј | 6.000 | -0.48 |
| Општина Боговиње | 10.000 | -0.49 |
| Основно училиште „Јонче Смугрески“ – Кривогаштани | 23.000 | -0.54 |
| Средно училиште „Шаип Јусуф“ Скопје | 10.000 | -0.54 |
| ЈП Билјанини извори-Охрид | 2.000 | -0.54 |
| Општина Студеничани | 85.000 | -0.54 |
| ЈП ХС Злетовица – Пробиштип | 4.000 | -0.54 |
| Средно училиште „Гостивар“-Гостивар | 90.000 | -0.54 |
| Средно училиште „Неготино“-Неготино | 26.483 | -0.54 |
| Основно училиште „Гоце Делчев“-Илинден | 25.000 | -0.54 |

Отсуството на влијание на купените количини врз постигнатите цени е евидентно и во овој индекс на рационалност. Имено, токму договорните органи коишто ги имаат купено најголемите количини (Средно училиште „Гостивар“ – 90.000 литри и Општина Студеничани – 85.000 литри) всушност спаѓаат во групата на набавувачи која маслото за горење ќе го плаќа по највисоките малопродажни цени.

Сумарно гледано, институциите вклучени во изработката на овој индекс во 2016 година, во согласност со склучените договори, ќе купат 666.483 литри масло за горење. Притоа, 401.000 литри од нафтениот дериват ќе се купат со мали попусти во однос на највисоките малопродажни цени, и тоа од 0,05 до 2,30 денари за литар, додека, пак, количини од 265.483 литри ќе се купат по највисоките пазарни цени.

## 2.5 Индекс на рационалност за РТГ-филмови за рендген-снимки

*Индексот на рационалност за РТГ-филмовите за рендген-снимки е изработен за три димензии на овој потрошен медицински материјал, коишто се и најчесто користени од страна на здравствените институции (18x24; 24x30 и 35x35 см). Индексот е изработен врз основа на цените за пакување од 100 РТГ-филма со идентични карактеристики во согласност со техничките спецификации. Разликата во цените во индексот кај сите три димензии на РТГ-филмови е речиси идентична. Па така, кај РТГ-филмот со димензии 18x24 соодносот на најниската и највисоката цена е 1:1,21; додека, пак, кај РТГ-филмот со димензии 24x30 и со димензии 35x35 см соодносот на најниската и највисоката цена е 1:1,22. Оваа состојба упатува на одредени промени во однос на 2013 година, кога овој потрошен медицински материјал здравствените институции го купуваа од различни добавувачи и во различни количини, но по идентични цени и до втора децимала, што упатуваше на сомнеж за договарањемеѓу понудувачите. Индексот на рационалност за РТГ-филмовите изработен во 2016 година упатува и на благ раст на цените од 5,4% до 6,5% во однос на 2013 година. При купувањето на овој потрошен медицински материјал, сите здравствени институции примениле транспарентна постапка, односно барање за прибирање понуди или отворена постапка, во согласност со вредноста на тендерот. Оттука не постои можност за проценка на причините што ги иницирале овие разлики во цената.*

*Во изработката на овој индекс беа вклучени договорни органи чијашто набавка на овој производ е евидентирана преку објавените огласи во евиденцијата на Електронскиот систем за јавни набавки во текот на периодот јули 2015 – март 2016 година. Барања за информации за спроведените тендери беа доставени до 18 здравствени институции. Сепак, индексот е изработен врз основа на податоците за спроведените тендери за 15 институции, бидејќи кај три здравствени установи (ЈЗУ Здравствена станица Железара – Скопје, ЈЗУ Здравствен дом – Ресен и ЈЗУ Клиника за максилофацијална хирургија Скопје) беше констатирано дека не набавуваат филмови за рендген-снимки во анализираните димензии*

| Договорен орган | Цена во денари со ДДВ | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| ЈЗУ Општа болница - Кочани | 2.335 | -6,60% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Пробиштип | 2.336 | -6,55% |
| ЈЗУ Клиничка болница – Тетово | 2.336 | -6,55% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Свети Николе | 2.336 | -6,55% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Пехчево | 2.336 | -6,55% |
| ЈЗУ Здравствен дом Железничар – Скопје | 2.360 | -5,47% |
| ЈЗУ Здравствен дом Неготино | 2.360 | -5,47% |
| ЈЗУ Општа болница – Велес | 2.418 | -2,94% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Радовиш | 2.418 | -2,94% |
| Просек* | 2.489 | 0,00% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Вевчани | 2.513 | +0,96% |
| ЈЗУ Здравствен дом Гоце Делчев – Делчево | 2.570 | +3,15% |
| ЈЗУ Клиничка болница – Битола | 2.687 | +7,37% |
| ЈЗУ Општа болница – Прилеп | 2.687 | +7,37% |
| ЈЗУ Општа болница – Кичево | 2.804 | +11,23% |
| ЈЗУ Општа болница Д-р Ферид Мурад – Гостивар | 2.832 | +12,11% |

*Просек од цените што ги плаќаат институциите вклучени во индексот за оваа набавка

**Индекс на рационалност за РТГ-филм со димензии 18x24 см** (цена за 100 РТГ филма со димензии 18x24 см)

Како што може да се види од табеларниот приказ на индексот, просечната цена по којашто е купувано пакување од 100 РТГ-филма со димензии 18x24 см изнесува 2.489 денари. Притоа, 9 здравствени установи рендген-филмовите ги купувале по цени што се пониски од просечно постигнатата од 2,94% до 6,60%, додека 6 здравствени установи купувале по повисоки цени од 0,96% до 12,11%.

Разликите во цените не можат да се објаснат со применетите постапки за јавни набавки (сите користеле транспарентни постапки што ги предвидува Законот за јавни набавки и сите користеле критериум за избор 'најниска цена'), ниту, пак, со конкуренцијата бидејќи во голем дел станува збор за исти добавувачи коишто учествувале на тендерите.

Отсуствува и очекуваното влијание на купените количини врз цените и наспроти секоја економска логика, произлегува дека дел од здравствените установи што ги купиле поголемите количини склучиле договори по цени што се повисоки од просечно постигнатата во овој индекс. Тоа се набавките на ЈЗУ Клиничка болница – Битола, ЈЗУ Општа болница – Прилеп и ЈЗУ Општа болница Д-р Ферид Мурад – Гостивар.

| Договорен орган | Количини | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| ЈЗУ Општа болница - Кочани | 2.800 | -6,60% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Пробиштип | 700 | -6,55% |
| ЈЗУ Клиничка болница – Тетово | 7.000 | -6,55% |
| ЗУ Здравствен дом – Свети Николе | 800 | -6,55% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Пехчево | 400 | -6,55% |
| ЈЗУ Здравствен дом Железничар – Скопје | 2.500 | -5,47% |
| ЈЗУ Здравствен дом Неготино | 1.500 | -5,47% |
| ЈЗУ Општа болница – Велес | 4.500 | -2,94% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Радовиш | 2.400 | -2,94% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Вевчани | 2.400 | +0,96% |
| ЈЗУ Здравствен дом Гоце Делчев – Делчево | 1.800 | +3,15% |
| ЈЗУ Клиничка болница – Битола | 8.000 | +7,37% |
| ЈЗУ Општа болница – Прилеп | 10.000 | +7,37% |
| ЈЗУ Општа болница – Кичево | 2.800 | +11,23% |
| ЈЗУ Општа болница Д-р Ферид Мурад – Гостивар | 8.000 | +12,11% |

**Количини на купени РТГ филмови со димензии 18x24см**

Просечната цена по којашто е купувано пакување од 100 РТГ-филма со димензии 24x30 см изнесува 4.101 денар. Притоа, 10 здравствени установи рендген-филмовите ги купувале по цени што се пониски од просечно постигнатата од 4,06% до 5,34%, додека 4 здравствени установи купувале по повисоки цени од 8,42% до 13,97%.

| Договорен орган | Цена во денари со ДДВ | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| ЈЗУ Здравствен дом – Радовиш | 3.893 | -5,34% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Пробиштип | 3.894 | -5,32% |
| ЈЗУ Клиничка болница – Тетово | 3.894 | -5,32% |
| ЈЗУ Општа болница – Велес | 3.894 | -5,32% |
| ЈЗУ Општа болница – Кочани | 3.894 | -5,32% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Пехчево | 3.894 | -5,32% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Свети Николе | 3.894 | -5,32% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Вевчани | 3.902 | -5,10% |

**Индекс на рационалност за РТГ-филм со димензии 24x30 см** (цена за 100 РТГ филма со димензии 24x30 см)

| Договорен орган | Цена во денари со ДДВ | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| ЈЗУ Здравствен дом Неготино | 3.918 | -4,67% |
| ЈЗУ Здравствен дом Железничар – Скопје | 3.941 | -4,06% |
| Просек* | 4.101 | 0,00% |
| ЈЗУ Клиничка болница – Битола | 4.478 | +8,42% |
| ЈЗУ Општа болница – Прилеп | 4.478 | +8,42% |
| ЈЗУ Општа болница – Кичево | 4.673 | +12,24% |
| ЈЗУ Општа болница Д-р Ферид Мурад – Гостивар | 4.767 | +13,97% |

*Просек од цените што ги плаќаат институциите вклучени во индексот за оваа набавка

И во индексот на рационалност на РТГ-филмовите се потврдува проблемот како и во РТГ-филмовите со помали димензии дека дел од институциите коишто од потрошниот медицински материјал купиле најголеми количини всушност го плаќаат по цени што се повисоки од просечно постигнатата.

**Количини на купени РТГ-филмови со димензии 24х30 см**

| Договорен орган | Количини | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| ЈЗУ Здравствен дом – Радовиш | 2.200 | -5,34% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Пробиштип | 1.400 | -5,32% |
| ЈЗУ Клиничка болница – Тетово | 8.000 | -5,32% |
| ЈЗУ Општа болница – Велес | 5.000 | -5,32% |
| ЈЗУ Општа болница - Кочани | 4.600 | -5,32% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Пехчево | 600 | -5,32% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Свети Николе | 800 | -5,32% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Вевчани | 1.400 | -5,10% |
| ЈЗУ Здравствен дом Неготино | 2.500 | -4,67% |
| ЈЗУ Здравствен дом Железничар – Скопје | 1.700 | -4,06% |
| ЈЗУ Клиничка болница – Битола | 6.000 | +8,42% |
| ЈЗУ Општа болница – Прилеп | 10.000 | +8,42% |
| ЈЗУ Општа болница – Кичево | 4.000 | +12,24% |
| ЈЗУ Општа болница Д-р Ферид Мурад – Гостивар | 10.000 | +13,97% |

Во индексот на рационалност за РТГ-филм со димензии 35х35 см се вклучени 12 здравствени установи. Просечната цена на пакување од 100 филма со оваа димензија изнесува 7.205 денари. Притоа, 8 од нив плаќаат цена што е пониска од просечната, и тоа во рамки од 0,73% до 5,46%, додека 4 здравствени установи плаќаат повисока цена од просечната, и тоа од 0,15% до 13,52%.

| Договорен орган | Цена во денари со ДДВ | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| ЈЗУ Здравствен дом – Пробиштип | 6.832 | -5,46% |
| ЈЗУ Општа болница – Кочани | 6.832 | -5,46% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Свети Николе | 6.832 | -5,46% |
| ЈЗУ Клиничка болница – Тетово | 6.833 | -5,44% |
| ЈЗУ Здравствен дом Неготино | 6.844 | -5,27% |
| ЈЗУ Здравствен дом Железничар – Скопје | 6.909 | -4,28% |
| ЈЗУ Општа болница – Велес | 6.956 | -3,58% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Вевчани | 7.153 | -0,73% |
| Просек* | 7.205 | 0,00% |
| ЈЗУ Здравствен дом Гоце Делчев – Делчево | 7.216 | +0,15% |
| ЈЗУ Клиничка болница – Битола | 7.858 | +8,31% |
| ЈЗУ Општа болница – Прилеп | 7.858 | +8,31% |
| ЈЗУ Општа болница Д-р Ферид Мурад – Гостивар | 8.331 | +13,52% |

*Просек од цените што ги плаќаат институциите вклучени во индексот за оваа набавка

**Индекс на рационалност за РТГ-филм со димензии 35х35 см** (цена за 100 РТГ филма со димензии 35х35 см)

Како и за индексите со другите димензии, и во овој индекс не може да се утврди влијанието за постигнатите разлики.

| Договорен орган | Количини | Отстапување од просечната цена |
|---|---|---|
| ЈЗУ Здравствен дом – Пробиштип | 700 | -5,46% |
| ЈЗУ Општа болница – Кочани | 3.600 | -5,46% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Свети Николе | 900 | -5,46% |
| ЈЗУ Клиничка болница – Тетово | 8.000 | -5,44% |
| ЈЗУ Здравствен дом Неготино | 3.000 | -5,27% |
| ЈЗУ Здравствен дом Железничар – Скопје | 1.100 | -4,28% |
| ЈЗУ Општа болница – Велес | 4.500 | -3,58% |
| ЈЗУ Здравствен дом – Вевчани | 2.400 | -0,73% |
| ЈЗУ Здравствен дом Гоце Делчев – Делчево | 1.000 | +0,15% |
| ЈЗУ Клиничка болница – Битола | 12.000 | +8,31% |
| ЈЗУ Општа болница – Прилеп | 6.000 | +8,31% |
| ЈЗУ Општа болница Д-р Ферид Мурад – Гостивар | 6.000 | +13,52% |

**Количини на купени РТГ-филмови со димензии 35х35 см**

Она што на крајот може да се заклучи е дека три здравствени установи коишто сите три димензии на РТГ-филмовите ги плаќале по цени што се повисоки од просечните се ЈЗУ Клиничка болница-Битола, ЈЗУ Општа болница-Прилеп и ЈЗУ Општа болница Д-р Ферид Мурад – Гостивар.

# 3 Генерален заклучок

Индексот на рационалност во ова издание е изработен за следната група производи: индустриска сол за зимско одржување на улици и патишта, клима-уреди со сплит систем со капацитет за ладење/греење од 3.5 KW, хартија за печатење и фотокопирање (А4 формат од 80 грама), масло за горење-екстра лесно ЕЛ-1 и РТГ-филмови за рендген-снимки со три димензии (18x24; 24x30 и 35x35 см).

Станува збор за производи за коишто беа изработувани индекси на рационалност во 2011, во 2012 и во 2013 година. Оттука, целта на изработка на овој индекс на рационалност е да се направи проценка на евентуалните промени коишто настанале во изминатиот период и на ефектите коишто честите законски измени ги имаа врз пазарот на јавни набавки. Во заклучокот прво ќе се констатираат сумарните наоди што произлегоа од изработката на индексите за овие производи, а потоа ќе се направи и нивна споредба со наодите од претходниот период. Сите индекси на рационалност изработени од Центарот за граѓански комуникации се достапни на веб страницата opendata.mk.

Во изработката на Петнаесеттиот индекс на рационалност, најголемата разлика во цената е евидентирана во набавката на хартијата за печатење и фотокопирање, а најмала во набавката на РТГ-филмови за рендген-снимки со димензии 18x24 см, 24x30 см и 30x30 см.

Сумарно, индексот на рационалност ги даде следните сознанија:

- **индустриската сол** во рефус ги чинела општините и комуналните претпријатија од 4.720до 7.399 денари за еден тон, со што највисоката цена е за 57% повисока од најниската. Индустриската сол пакувана во вреќи е купувана по цени од 8.998 до 15.340 денари и највисоката цена е за дури 70% повисока од најниската;
- **клима-уредите од 3,5 KW** со идентични карактеристики се купувани по цени од 16.296 до 27.404 денари, со што највисоката цена е за 68% повисока од најниската цена;
- **хартијата за печатење и фотокопирање** е купувана по цени што се движат од 122 до 346 денари за еден топ хартија, па оттука највисоката цена е за 184% повисока од најниската цена;

- **маслото за горење-екстра лесно ЕЛ-1** е купувано со попуст од 0,05 денари до 2,30 денари за еден литар од највисоките малопродажни цени определени од Регулаторната комисија за енергетика масло за горење екстра лесно. Третина од институциите вклучени во овој индекс маслото за горење го плаќаат по највисоките малопродажни цени без ниту еден денар попуст.
- **РТГ-филмови за рендген-снимки со димензии 18х24 см** во пакување од 100 филмови се купувани по цени од 2.335 до 2.832 денари, со што највисоката цена е за 21% повисока од најниската; **РТГ-филмови за рендген-снимки со димензии 24х30 см** во пакување од 100 парчиња се купувани по цени од 3.893 до 4.767 денари, со што највисоката цена е повисока од најниската за 22%и РТГ-филмови за **рендген-снимки со димензии 35х35 см** во пакување од 100 филма се купувани по цени од 6.832 до 8.331 денари, со што највисоката цена е повисока од најниската исто така за 22%.

Индексите на рационалност за **индустриска сол** изработени сега, во однос со индексите во 2011 и во 2012 година, упатуваат на зголемување на цената на овој производ, и тоа особено на солта пакувана во вреќи. Имено, при изработката на индексот на рационалност за индустриска сол во 2011 и во 2012 година не беа констатирани значајни разлики во цената на солта во зависност од тоа дали е рефус или пакувана во вреќи.

Неповолни се трендовите и во јавните набавки на **клима-уредите**. Имено, доколку наодите од индексот изработен сега се спореди со наодите од индексот изработен за клима-уредите од 3,5 KW во 2011 и 2012 година произлегува дека цената на клима-уредите е во постојан нагорен тренд. Ако просечно постигнатата цена по којашто се купувани овој вид на клима-уреди во 2011 година изнесувала 16.636 денари, а во 2012 година 19.739 денари, таа сега во 2015/2016 година изнесува 21.151 денари. Во споредба со претходниот период, може да се констатира и раст на разликите во цените по коишто се купува овој производ.

Поволни промени може да се констатираат кај **хартијата за печатење и фотокопирање**. Просечната цена по којашто е купуван овој производ во 2016 година изнесува 181 денар за топ хартија, наспроти 2011 година, кога просечната цена изнесувала 211 денари за топ хартија, и 2012 година, од 196 денари. Но, наспроти намалувањето на цената, сега е констатирана најголема разлика во цените за набавка на хартијата. Имено, во 2011 година највисоката цена била повисока од најниската цена за 97%, во 2012 година тој процент изнесува 88%, а во 2016 година е дури 184%.

Индексот на рационалност изработен за **масло за горење-екстра лесно ЕЛ1** упатува на опаѓање на попустот што институциите го добиваат од добавувачите во однос на највисоките малопродажни цени што ги утврдува Регулаторната комисија за енергетика. Направените пресметки укажуваат на континуирано опаѓање на попустите за набавка на овој вид на гориво во однос на највисоките малопродажни цени, и тоа од 11% во 2011 година, преку 5% во 2012 година, на само 2,8% сега во 2016 година.

Индексот на рационалност за **РТГ-филмови** изработен во 2016 година упатува на разлики помеѓу најниската и највисоката цена од 21% до 22% во зависност од димензиите на филмот и на благ раст на цените од 5,4% до 6,5% во однос на 2013 година. Индексот на рационалност изработен за овој потрошен медицински материјал упатува на

определени промени во однос на 2013 година, кога здравствените институции РТГ-филмовите ги купуваа од различни добавувачи и во различни количини, но по идентични цени и до втора децимала, што упатуваше на очигледно договарање на понудувачите.

Големите разлики во цените констатирани во индексот на рационалност изработен за овие производи ја потврдуваат констатацијата дека чинот на формално спроведување на тендерите во согласност со Законот за јавните набавки, самиот по себе, не е гаранција за рационално трошење на јавните пари. Имено, сите институции анализираните набавки ги реализирале преку јавно огласени постапки со единствен критериум 'најниска цена' и со планирање е-аукција. Мора да се има предвид дека стимулирањето на што е можно поголема конкуренција на понудувачите на тендерите треба да биде императив за институциите, бидејќи само на тој начин може да се очекува дека за потрошените пари ќе се добие најдобрата вредност.

Договорните органи треба да гледаат на индексот на рационалност како на корисен инструмент што недвосмислено говори дека пазарот на јавни набавки во земјата сè уште не гарантира целосно рационално и ефикасно трошење на јавните пари и дека сè уште постојат низа предизвици што треба да се надминат во оваа насока.